РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 08-413/2
15.05 2024 год
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22 и 171/22), Општина Пробиштип на ден 10.05.2024 година, донесе:

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Пробиштип, со својата местоположба припаѓа на територијата на КО Неокази, Општина Пробиштип., кој го донесува , Општина Пробиштип, потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Како органи засегнати од имплементација на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Пробиштип, се определуваат: Општина Пробиштип, Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за култура - Управа за заштита на културното наследство, Министерство за здравство, Министерство за економија, Дирекција за заштита и спасување, А.Д. Водостопанство на Република Македонија“, ЕВН, МЕПСО, Македонски телекумуникации, Комунални претпријатија, здруженија на граѓани, претставници од стопанскиот и граѓанскиот сектор и др.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од Член 65 став 4 од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината на образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Пробиштип, има влијание врз животната средина од следните причини: Од анализите се заклучува дека санацијата и конечното затворање на депонијата за комунален отпад е неопходна и дека реализацијата на овој проект ќе има голем придонес во интегрираното управување со отпад, но и генерално подобрување на состојбата на разгледуваните медиуми и области на животната средина. При реализирање на проектот, неопходно е доследна примена на сите предвидени мерки за спречување или ублажување на негативните влијанија во целокупната проектна документација.
4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: Влијанието на развојните решенија во поглед на осетливите елементи на животната средина на планираниот опфат (вода, почва, управување со отпад, природното и културно/археолошко наследство и пејсаж).
5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Пробиштип на следната веб адреса: https://probistip.gov.mk/
6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната http://mtc.gov.mk.

Градоначалник на
Општина Пробиштип
Драган Анастасов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 08-4131З
15.05 2024 год.
ПРОБИШТИП

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Пробиштип |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | Општина Пробиштип |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Општина Пробиштип |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Трговско друштво со ограничена одговорност за проектирање, изведување и инженеринг ИНГРА ДООЕЛ Скопје<br><br>Планер подписник::<br>• Анче Толевска, диа овластување бр. 0.0102<br><br>Планери<br>• Ана Ѓорѓиевска, диа. Овластувањебр:0.0430 |
| **Назив на работното место** | Планери |
| **Контакт податоци за лицето** | ул. Скупи 3А бр.40А, Скопје - Општина<br>075 406 062 |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** | | | |
| Основа за изрботка на предметната урбанистичка документација се одредбите Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 32/20 и 111/23), и Правилник за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 225/20,219/21 , 104/22 и 99/23) , Одобрената Проектна програма изработена со проектната задача финансирана од Инвеститорот и Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Р Македонија кои содржат насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена за влијанието на животната средина согласно законот за животна средина. | | | |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** | | | |
| ДА ☒<br>НЕ ☐ | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** | | | |
| / | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| Да -Согласно Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз животната средина | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 2, точка 1).** | | | |
| Да ☐<br>Не ☒ | Член: | Точка: | Алинеја: |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| не | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |
| Не | | | |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** | | | |
| Целта на донесувањето на овој плански документ е да се овозможи урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во општина Пробиштип. | | | |
| **Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** | | | |
| Планирање на просторот | | | |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** | | | |
| / | | | |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** | | | |

**Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа).**




Просторот дефиниран за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Пробиштип опфаќа дел од парцелите КП1/2 и КП3, КО Неокази, Општина Пробиштип. Административно припаѓа на Општина Пробиштип. Опфатот кој е предмет на̂ оваа планско-проектна документација има одобрена Проектна Програма со потврда заведена со арх.бр. 10-1106/3 од 21.11.2023година , за кој согласно член 58, став 6 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр32/20 и 111/23), се отпочна постапка за изготвување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Пробиштип.

дали истите се содржани во акт или документ.

| |
|---|
| Да ☒<br>Не ☐ |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да ☐<br>Не ☒ |
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето). |
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br><br>Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на оваа предметна документација, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија, како и генерални мерки за заштита, намалување и ублажување на негативние влијанија се следните:<br><br>При изведувањето на активностите за затворање на депонијата (земјани работи, ископ на отпад, набивање, изградба на пристапни патишта и друго), покрај влијанијата кои може да ги продуцира проектот, треба да се направи и проценка на ризикот и еколошката несреќа која може да настане доколку не се реализира проектот, како што се на пример:<br>Загадување на подземни и површински води од исцедокот од депонијата;<br>Експлозија од гасови и загадување на воздухот при избивање на пожари;<br>Непријатна миризба, разнесување на прашина;<br>Загадување на почва.<br>За време на санацијата се можни мали негативни ефекти врз компонентите на животната средина: воздух, вода и почва, како и промена на нивото на бучава, кои ќе бидат ограничени на самата местоположба на проектот.<br>Реализацијата на проектните активности за затворање, санација и рехабилитација на нестандардните депонии е од големо значање бидејќи претставува огромен чекор кон намалување на влијанијата врз животната средина од неправилното постапување со отпадот. |

| | |
|---|---|
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Во проектниот опфат се предвидува формирање на градежна парцела и изградба на обејкти со група на класа на намена и поединечна намена<br>Е- Инфраструктури<br>Е3.- Специјални некласификувани инфраструктури<br>Е3.1- локални депонии за одлагање на неопасен отпад .<br>Со реализацијата на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот.<br>При реализација на содржините во планскиот опфат предвидени со планската документација особено во конструктивната фаза ќе се генерираат емисии во воздухот од градежните активности и од механизацијата, отпадни води, отпад, бучава, вибрации, несакани истекувања и сл. кои може да предизвикаат негативни влијанија врз здравјето на луѓето, воздухот, водата, почвата, биолошката разновидност, пределот и сл.<br>Овие влијанија се оценуваат како можни, локални, повратни и неповратни краткорочни влијанија. |

| | |
|---|---|
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Кумулативната природа на влијанијата може да се распледува во однос на одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Нема |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Нема ризици по животот и здравјето на луѓето и животната средина по однос на несреќи кои би можеле да се случат. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Предметниот проектен опфат е надвор од границите на одобрена планска документација.За иститот издадени се Услови за планирање на просторот ( технички број Y06123) од страна на Агенција за планирање на просторот и Решение за услови за планирање на просторот ( арх.бр. УП1-15 680/2023 од 31.03.2023 год.).<br>Реализација на документацијата за затварање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад, КО Неокази, Општина Пробиштип, ќе овозможи подобрување на функционалноста на комуналните активности во локалната економија. Во функционирањето на депониите кои не се изградени и одржувани согласно стандардите за овој тип објекти има опасност од појава на опасни и токсични супстанци кои можат да предизвикаат загадување на површинските и подземните води. Преземените активности за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад е во прилог на заштитата на површинските и подземните води од загадување и подобрувањето на нивниот квалитет. Локацијата за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад, КО Неокази, Општина Пробиштип нема конфликт со постојаните и планирани електроенергетски водови.<br>Иницијативата за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад, КО Неокази, Општина Пробиштип, отвара можности за понуда на квалитетни услуги во функција на задоволување на хуманите и еколошките барања преку складирање на одпадот на одредена локација вон населените места.<br>Изборот на оваа локација е определена на местото на постоечката нестандардна депонија која се наоѓа на јужната страна на градот Пробиштип, на врвот на брдото наречено Озрен, во близина на регионалниот пат Штип-Радовиш, односно на растојание околу 3км од центарот на градот Пробиштип. До депонијата има земјен пристапен пат, а по должина на истиот е регистриран отпад кој треба да се отстрани и соодветно депонира на депонијата која е предмет на затворање и санација.<br>Во подножјето на брдото Озрен се наоѓа акумулацијата на хидројаловишната брана на рудникот Злетово, каде се депонира хидројаловина како нус продукт. Земјиштето е контаминирано, а во близина не се регистрирани водотеци.<br>Населението кое се опслужува со оваа депонија е околу 10000 жители. Според МЖСПП, оваа депонија е оценета како депонија со низок ризик. |

| |
|---|
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** |
| Со планскиот документ ќе се добие позитивен ефект во контекст на економските и социјалните влијанија. Ќе се овозможи валоризација и афирмација на просторот и задоволување на потребите на жителите кои се опфатени од овие урбани заедници. |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** |
| Реализацијата на проектните активности нема директно влијание врз природните вредности, врз биодиверзитетот и природното наследство. Подрачјето на активностите е категоризирано како земјоделско земјиште (ниви и пасишта), но во близина на локацијата не се евидентирани заштитени подрачја или подрачја кои се предложени за заштита.<br>Генерално, санацијата на постојните депонии се очекува да резултира со позитивни влијанија врз квалитетот на живеалиштата и заштита на растителните и животинските видови. |

| | |
|---|---|
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Депонијата се наоѓа во поле, во чија околина се извршуваат земјоделски активности.<br>Природните реткости Раткова скала, Лесновските пештери, културно историските споменици: манастирот Св. "Гаврил Лесновски" во Лесново, Св. "Спиридон" во Злетово како и локалитетот Костомар и древната населба Карлуково, го привлекуваат вниманието на голем број на љубители на природата.<br>Во рамките на општината Пробиштип постојат четири заштитени споменици на културата, односно:<br>- Манастирот "Св. Гаврил Лесновски" (Црквата, конаците и црковниот инвентар - ц.р. 438) во Лесново;<br>- Црквата "Успетие Богородично" (ц.р. 439) во Злетово;<br>- Црквата "Св. Трифун - Пирог" (ц.р. 475) во Злетово (денес е во урнатини);<br>- Стара трошна куќа во Злетово - Сопственост на Кире Алексов. Потекнува од времето на Турското владење со територијата на Македонија. До 1985 година во неа живеело семејството во чија сопственост е објектот. По повлекувањето на османлиското владеење од територијата на Македонија, куќата била прогласена за општински објект во кој била сместена општинската власт, а во времето на колективот амбар за жито. Куќата е заштитена со Закон, меѓутоа за жал се наоѓа во лоша состојба, бидејќи до сега ништо не е превземено околу прашањето за нејзино санирање.<br>Во непосредна близина на депонијата не се пронајдени археолошки локалитети. |

| | |
|---|---|
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Реализацијата на проектните активности за затворање, санација и рехабилитација на нестандардните депонии е од големо значање бидејќи претставува огромен чекор кон намалување на влијанијата врз животната средина од неправилното постапување со отпадот.<br>Придобивките кои овој проект се очекува да ги има животната средина и здравјето на луѓето се следните:<br>- намалување на влијанијата врз воздухот и водите предизвикано од непрописните депонии и други начини на неправилно отстранување на отпадот;<br>- намалување на потенцијалот на опасност на депонираниот отпад од производниот и услужниот сектор;<br>- намалување на емисиите на стакленички гасови од депониите;<br>- намалување на потенцијалот за здравствен ризик од инфективниот медицински отпад и животинските нус-производи;<br>- намалување или ублажување на влијанието врз животната средина што го предизвикуваат несоодветните депонии за комунален цврст отпад и индустриските и рударските оптоварувања на животната средина;<br>- можност за пренамена на просторот и користење како отворен простор и место за рекреација (изградба на паркови или спортски објекти), доколку анализите покажат дека почвата и околното земјиште не е загадено со опасни материи.<br>Од анализите се заклучува дека санацијата и конечното затворање на депонијата за комунален отпад е неопходна и дека реализацијата на овој проект ќе има голем придонес во интегрираното управување со отпад, но и генерално подобрување на состојбата на разгледуваните медиуми и области на животната средина. При реализирање на проектот, неопходно е доследна примена на сите предвидени мерки за спречување или ублажување на негативните влијанија во целокупната проектна документација. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Во близина на локацијата за реализација на проектните активности се наоѓа регионалниот пат Штип-Радовиш. Релевантен регионален патен правец за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегува во групата на регионални патишта "Р1" и е со ознака Р1205 -(врска со А2- Кратово-Пробиштип-Крупиште-врска со А3). Низ границите на предметниот проектен опфат, според податоците од ажурираната геодетска подлога има постоечки пат, кој од предметниот проектен опфат зафаќа површина од 924,25 м$^2$. Нема добиени податоци за постојна или планирана водоводна и канализациона инфраструктура.<br>Друга постоечка инфраструктура не е евидентирана. При предвидените активности за санација на депонијата не се очекуваат оштетувања на постојната инфраструктура (пат и земјоделски имот). |

| | |
|---|---|
| **Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Со допис бр [illegible] од [illegible] Министерството за животна средина, Управата за животна средина, Секторот за води известува дека во предметниот опфат нема постојан или времен водотек, ниту пак има предвидена акимулација.<br>Предлог заштитени или заштитени подрачја во општина Пробиштип се следните:<br>Природна реткост "Црна Черница", Лесновски Манастир" "Црна Черница" (е лоцирана на влезот во населеното место Лесново, во дворот на манастирот "Св.Гаврил Лесновски". Согласно територијалната поделба истот припаѓа во општина Пробиштип и е оддалечено од депонијата "Озрен" околу 6,5 km.<br>Парк на природата "Ратквова Скала - Злетовска Река"<br>Согласно Просторниот План на Република Македонија долината на Злетовска Река е прогласена како област за зачувување во категоријата природен резерват.<br>Злетовска река е десна притока на река Брегалница. Извира од северната страна на Лопенско Било на Осогово на надморска висина од 1,620 m и се влева во река Брегалница под селото Уларци на 293 m надморска височина.<br>Раткова Скала е лоциран на југозападната страна на Осоговските планини, помеѓу селото Ратковица и локалитетот Синковица. Ја зафаќа долината на реката Шталковичка (лева притока на Злетовска Река) во горниот тек и зафаќа површина од 2,4 km2.<br>Во непосредна близина на депонијата нема заштитени подрачја.<br>Во фаза на изведување на работите може да има мало, но незначително влијание од аспект на естетски карактер, што би се манифестирало преку пристуство на градежна механизација и возила за транспорт на отпад, складирани материјали кои се потребни за затворање и санација на депонијата и сл.Во оперативната фаза е очигледно позитивното влијание, бидејќи санираната депонија ќе биде рекултивирана и засадена со трева. Санацијата на постоечките општински депонии за комунален отпад, пред се ќе даде голем придонес кон вообичаениот начин на одлагање на отпадот, како и незаконското отстранување и расфрлање на отпадот, со што ќе се спречат или намалат евентуалните негативни влијанија врз културното наследство. Во близина на депонијата нема евидентирано културно-историско наследство. Со реализација на проектните активности нема да бидат загрозени археолошки наоѓалишта. Доколку при вршење на активностите за санација се појави некое наоѓалиште веднаш треба да се извести Заводот за заштита на културните споменици. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Во проектниот опфат се предвидува формирање на градежна парцела и изградба на обејкти со група на класа на намена, класа на намена и поединечна намена

E- Инфраструктури

E3.- Специјални некласификувани инфраструктури

E3.1- локални депонии за одлагање на неопасен отпад.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Изборот на оваа локација е определена на местото на постоечката нестандардна депонија која се наоѓа на јужната страна на градот Пробиштип, на врвот на брдото наречено Озрен, во близина на регионалниот пат Штип-Радовиш, односно на растојание околу 3км од центарот на градот Пробиштип. До депонијата има земјен пристапен пат, а по должина на истиот е регистриран отпад кој треба да се отстрани и соодветно депонира на депонијата која е предмет на затворање и санација.

Затворањето на депонијата Пробиштип опфаќа:

- •Реобликување на депониското тело и затворање со систем за површинско заптивање;
- •Ископ, транспортирање и набивање на стариот отпад од 22 мали диви депонии на депонијата Пробиштип, а на исчистените локации е предвиден завршен почвен слој со семе за затревување;
- •Пасивен систем за собирање на гас составен од слој од чакал за дренирање на гас;
- •Проектирање и изведба на ободен канал за зафаќање и одведување на површинските атмосферски води од депониското тело;
- •Изведба на ограда околу депонијата со влезна порта;
- •Заполнување и сеење на трева на локациите на 22 мали диви депонии.

Депониското тело е реобликувано со цел да се обезбеди стабилност на депониското тело и вкупен волумен на отпад кој изнесува 28579.9 m3.

Постоечката депонија е лоцирана на стрмен терен, поточно на врвот на брдото Озрен. Оригиналното тло е карпа, поради што ископот е ограничен. Дел од депонираниот отпад треба да се ископа, транспортира и набие за да се оформи косина со наклон 1V:2.5H. Воедно и отпадот од 22 мали депонии (ѓубришта) треба да биде ископа, транспортиран и соодветно депониран на оваа локација. Максималната височина на депониското тело изнесува 25.1м и се ослонува на природната стрмна косина и проектираниот насип и потпорен ѕид – Terramesh систем. Вкупната 3Д површина на реобликуваното депониско тело изнесува 7929 m2, а влезот е од северната страна.

Одлагањето на отпадот според проектираната состојба на депониското тело е со набивање во слоеви по 30cm со минимум 6 поминувања со 40 тонски булдожер. Целта е добро набивање на депониското тело до финалната геометрија за да се избегне појава на нерамномерни слегања. Ископаниот отпад привремено ќе се одлага на растојание до 500 m.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој(да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).**

Активирањето на овој простор ќе овозможи одржлив развој на повеќе дејности, кои ќе продуцираат економски ефекти не само во областа на туризмот и угостителството, туку и во останатите дејности непосредно поврзани со изработката и ефектуирањето на урбанистички решенија и тоа: проектирањето, градежништвото, комуналните дејности, трговијата, сообраќајот, занаетчиството, јавните функции и др.

Непосредниот ефект кој ќе произлезе со реализацијата на предложениот Урбанистички проект ќе се рефлектира врз зголемено ангажирање на расположливата работна сила преку нови вработувања во дејностите предвидени со планските содржини, односно позитивен кумулативен ефект врз социо - економската компонента и одржлива и интегрирана заштита на животната средина, што се одсликува преку:

- Социјална, економска и просторна кохезија во рамки на регионот, со оптимално користење на неговите специфични особености;
- Реализација на целите за заштита на животна средина релевантни за планскиот документ, преку примена на мерките за избегнување, ублажување и/или компензација на потенцијалните влијанија предложени во овој извештај;
- Зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
- Заштита на квалитетот на амбиентниот воздух, избегнување, спречување или намалување на штетни емисии во воздухот;
- Заштита, зачувување и постојано подобрување на расположливите водни ресурси преку нивно одржливо користење, спречување или намалување на штетни испуштања, одведувањето и третман на комуналните отпадни води, третман на отпадни води од страна на самите субјекти;
- Избегнување и намалување на создадениот отпад, негово селектирање и повторно искористување и отстранување на прифатлив начин согласно законските решенија;
- Рамномерен и одржлив просторен развој, рационално уредување и користење на просторот;
- Рационално и одржливо користење на природните ресурси;
- Користење на обновливи извори на енергија;
- Зачувување и заштита на компонентите на биолошката и пределската разновидност и
- Избегнување, спречување или намалување на бучавата.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**

Реализацијата на планскиот документ ќе доведе до делумно зголемена фреквенција на луѓе и сообраќај, зголемена бучава, создавање на прашина во фазата на изведба и сл.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Р. Македонија. Во планската документација се предвидени мерки во согласност со пропишаните мерки за заштита

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Потенцијалните влијанија од предметниот плански документ не биле предмет на оцена.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Со урбанистичката документација почитувани се основните начела во процесот на урбанистичкото планирање и уредување на просторот, а тоа се:

- интегрален пристап на планирањето
- грижа за развој на регионалните особености
- остварување на јавен интерес и заштита на приватниот интерес
- хоринзонтална и вертикална усогласеност и координација
- уважување на научно и стручно утврдените факти и стандарди. Применети се сите методолошки начела за применување на правилникот за урбанистичко планирање.

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник на<br>Општина Пробиштип<br><br>Драган Анастасов |
| Датум: 10.05.2024 година<br>Место: Пробиштип | М.П. |